# ASSESSMENT OF MOTIVATION RELATED TO PARTICIPATION IN OUTDOOR SPORT TOURISM ACTIVITIES: THROUGH THE EXAMPLE OF STUDENTS FROM PRIVATE HIGH SCHOOL "YAHYA KEMAL" – STRUGA

**Liza Pantekovska**
FON University, Faculty for Sports Management – Skopje, Macedonia
liza.chakareska@fon.edu.mk
**Tanja Kitanovska Stojkovska**
FON University, Faculty for Sports Management – Skopje, Macedonia
tanja.kitanovska@fon.edu.mk

**Abstract:** Modern way of life in nowadays is marked by exceptional industrialization and automation, which leads to hypokinesia or reduced physical activity. This phenomenon is also evident in the student population, with all its consequences on the bio-psychosocial development of the personality, on the one hand, and society development on the other. Studies related to the structure of leisure time in young people indicate that non-kinesiological activities dominate them. Participation in sports and recreational activities is defined by motivation. The motivations that exist for the involvement of students in sports and recreational activities are structured under several factors: psychological, cognitive, social and physical. Sports-recreational activities based on natural resources are attractive potential associated with the need of today's man to be in nature and exercise right there. Extracurricular activities have the role of targeted use of leisure time, and their non-structuring enables the study of content that awakens creativity. Through the prism of sports extracurricular activities, it may also mean adapting to the phenomenon of "desportification" of the sport which involves bringing it closer to those students who consider it not for them. And part of the monostructural activities in nature that are equivalent to the natural forms of movement are one of the ways. The research was conducted in the private high school "Yahya Kemal" - Struga. A questionnaire was distributed to 81 students and explained the purpose of the research. Respondents were randomly selected, which defined the random sample. The total number of assessed motives is twenty-nine, and the students' attitudes towards each of them are scored on a Likert scale from 1 to 5, where grade 5 indicating absolute importance while grade 1, absolute unimportance. The purpose of this paper is to identify possible content forms and their organizational structure by identifying the most important motivations for participating in such activities. In this way, the focus of leisure time on the one hand and the intensification of sports - tourism movements on the other hand will be encouraged. The obtained data were processed with Statistica 7.0 package, and the basic descriptive statistical measures for central tendency and dispersion were applied. At the same time, frequencies and percentages were used to determine the distribution of results in terms of socio-demographic characteristics. Based on the findings from the processed inputs, the most important motivations for students to participate in outdoor sports tourism activities were extracted: opportunity to learn new skills, improve sports form and love of sport, new unknown but wonderful environment, pleasant and interesting company, good mood and pleasant experience, along with the possibility of rest, relaxation and elimination of mental fatigue, the choice of favorite sports and sports activities.
**Keywords:** motivation, sports-tourist backgrounds, nature, students

# ОЦЕНКА НА МОТИВИТЕ ПОВРЗАНИ СО УЧЕСТВОТО ВО СПОРТСКО – ТУРИСТИЧКИ СОДРЖИНИ ВО ПРИРОДА: НИЗ ПРИМЕРОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПСУ „ ЈАХЈА КЕМАЛ" – СТРУГА

**Лиза Пантековска**
ФОН Универзитет, Факултет за спортски менаџмент – Скопје, Р. Македонија
liza.chakareska@fon.edu.mk
**Тања Китановска - Стојковска**
ФОН Универзитет, Факултет за спортски менаџмент – Скопје, Р. Македонија
tanja.kitanovska@fon.edu.mk

**Резиме:** Денешниот современ начин на живот го бележи исклучителната индустријализација и автоматизација, што доведе до појава на хипокинезија или намалена физичка активност. Оваа појава е воочлива и кај ученичката популација, со сите последици кои ги има по биопсихосоцијалниот развој на

личноста, од една страна и општествениот развој, од друга страна. Имено, истражувањата поврзани со структурата на слободното време кај младите посочуваат дека некинезиолошките активности доминираат кај нив. Партиципацијата во спортско – рекреативните активности, е дефинирана од мотивацијата. Мотивите кои егзистираат за вклученоста на учениците во спортско – рекреативните активности се структурирани под повеќе фактори: психолошки, когнитивни, социјални и физички. Спортско – рекреативните активности базирани на природни ресусри се атрактивен потенцијал поврзан со потребата на денешниот човек да биде во природа и својата физичка активност да ја реализира токму таму. Воннаставните и вонучилишните активност ја имаат улогата на насочено користење на слободното време, а нивната неструктурираност овозможува изучување на содржини кои будат креативност. Низ призма на спортските воннаставни и вонучилишни активности, тоа може да подразбира и приспособување кон феноменот на „деспортификација" на спортот што подразбира негово доближување и до оние ученици кои сметаат дека тој не е за нив. А, дел од моноструктуралните активности во природа кои се еквивалент на природните форми на движење се еден од начините за тоа. Истражувањето беше спроведено во приватното средно училиште „Јахја Кемал" – Струга во месец октомври. Анкетен прашалник беше дистрибуиран до 81 ученик и објаснета им беше целта на истражувањето. Испитаниците се избрани случајно, со што примерокот е дефиниран како едноставен случаен примерок. Вкупниот број на оценувани мотиви изнесува дваесет и девет, а ставовите по однос на секој од нив, учениците ги оценуваат по Ликертова скала од 1 до 5, при што оценката 5 означува апсолутна важност додека оценка 1, апсолутна неважност. Трудот всушност има за цел, преку идентификација на најважните мотиви за учество во ваквите активности кај учениците, да дијагностицира можни содржински форми и нивна организациска структура. На тој начин, ќе се поттикне насоченост на слободното време, од една страна и интензификација на спортско – турситичките движења, од друга страна. Добиените податоци беа обработени со статистичкиот пакет Statistica 7.0., а применети се основните дескриптивни статистички мерки за централната тенденција и дисперзија. Воедно, фреквенции и проценти се користени со цел да се утврди дистрибуцијата на резултатите по однос на социодемографските карактеристики. Врз основа на сознанијата од обработените влезни податоци, како најзначајни мотиви кај учениците за учество во спортско туристички активности во природа се екстрахираа: можност за учење на нови вештини, подобрување на спортската форма и љубов кон спортот, ново непознато, но прекрасно опкружување, пријатно и интересно друштво, добро расположение и пријатно искуство, заедно со можноста за одмор, релаксација и отстранување на умствениот замор, можноста за избор на омилените спортови и спортски активности.
**Клучни зборови:** мотиви, спортско -туристички соджини, природа, ученици

## 1. ВОВЕД

Денешниот современ начин на живот го бележи исклучителната индустријализација и автоматизација, што доведе до појава на хипокинезија или намалена физичка активност. Оваа појава е воочлива и кај ученичката популација, со сите последици кои ги има по биопсихосоцијалниот развој на личноста, од една страна и општествениот развој, од друга страна. Имено, истражувањата поврзани со структурата на слободното време кај младите (Badrič i sur., 2015, Bartoš, 2015, цитирано по Пантековска и сор. 2018) посочуваат дека некинезиолошките активности доминираат кај нив, сознание кое го посочува и Uzunöz (2015), повикувајќи се на претходни заклучни согледувања, дека кај ученичката популација е во пораст седентарноста и физичката неподготвеност. Ваквото однесување е предмет на интерес, но и разрешување, ако се земе во предвид дека физичката активност покрај доминатно здравствени придобивки (физиолошки, психолошки, когнитивни, социјални), покажува позитивни релации со училишниот (академски) успех (Ostojič at al., 2014, Andre at al., 2017). Партиципацијата во спортско – рекреативните активности, е дефинирана од мотивацијата која според Mafredo et al. (1996) е „клучен концепт да се разбере причината за изборот на активностите на поединецот во слободното време". Мотивите кои егзистираат за вклученоста на учениците во спортско – рекреативните активности се структурирани под повеќе фактори: психолошки, когнитивни, социјални и физички (Uzunöz, 2015). Психолошките вклучуваат: самодоверба, предизвик, задоволство, забава, релаксација и ослободување од стрес. Когнитивните се дефинирани со: успех, решавање на проблеми, креативност, размислување и учење. Социјалните подразбираат: пријателство, работа во групи, припадност кон тим, соработка, комуникација и учество во систем на натпревари. И за крај, физичките се определени со: здравје, моторички вештини, физичка подготвеност и тренинг. Проучувајќи го однесувањето на учениците и причините за пад или отсуство на вклученост во спортско – рекреативни активности, првенствено вонучилишни, Комисијата за спорт на Австралија (Australian Sports Commission, 2017), во својот извештај за решавање на така позиционираните ставови, детектира четири различни групи на ученици кои имаат различен мотивациски пристап кон овие активности:

- Прва група: ученици кои имаат желба за учество во спортско – рекреативни активности, но како пречка се јавува средината на живеење. Мотивацијата ја темелат на учење на нови вештини, социјална интеракција, да се одржи ниво на физичка активност и задоволување на интересот за хоби.
- Втора група: ученици кои подолго се надвор од било каква вклученост во спортско – рекреативните содржини, првенствено како резултат на тоа што немале никаков контакт со спорт. Нивната евентуална инволвираност во овие активности се мотивирани со поздрав начин на живот, подобра физичка подготвеност, можност за другарување и обид за вклучување во алтернативни активности (обично декларираат дека имаат недостаток на моторни способности).
- Трета група: ученици кои се „околу„ спортските активности. Тие се всушност пасивни учесници, распоредени по линиите на спортските терени. Мотивацијата за да тие прераснат во активни ја поврзуваат со спортско – рекративни активности чија хомогенизацијат на ученици ќе биде базирана на пониско ниво на моторички способности, можност за другарување и подобрување на физичката подготвеност.
- Четврта група: ученици кои го напуштиле спортот како резултат на повеќе фактори како недстаток на време за развивање на други способности академски, работни, социјализација или притисок на конкуренцијата и потребата од силна псоветеност за успех кај него. Како мотивациски фактори за повторно враќање се наведуваат одржување на нивото на физчка подготвеност и моторички спсообности, предизвикот на натпреварувањето, но без обврска и посветеност, и ослободување од стрес.

Спортско – рекреативните активности базирани на природни ресусри се атрактивен потенцијал поврзан со потребата на денешниот човек да биде во природа и својата физичка активност да ја реализира токму таму (Sajahroudi, 2013). Активностите како пливање, трчање, планинарење, возење велосипед, веслање, кајак, едрење, скијање се само дел од севкупноста на активности кои се реализираат во природа. Воедно, тие претставуваат силен атрибут на туристичката понуда за привлекување на активните спортски туристи и следствено на тоа, развој на спортскиот туризам.
Училишната средина покрај воспитно – образовната дејност низ наставниот процес, „ја има и можноста за „продолжено„ воспитно дејствување, преку најпознатиот и најраспространет начин на подготовка на децата и младите за активно и содржински исполнето слободно време, а тоа се воннаставните активности“ (Vukič Valjan, 2016), во кои влегуваат и оние од спортско – здравствено – рекреативно подрачје. Искуствата говорат дека голем дел од нив се реализираат токму во природа и имаат карактер на спортско – туристички. Во овој контекст, Јегиќ (Jegič, 2005), нагласува дека преку вонанаставното и вонучилишното организирање, учениците и студентите, своето слободно време повеќе го користат во туристички цели споредбено со лицата во работен однос. Воедно, „воннаставните активности не се строго структурирани за разлика од редовната настава, што им овозможува на учениците, изучување на содржини кои не се предвидени од наставникот во редовната настава или пак се „гледаат“ од друга перспектива (Vukič Valjan, 2016). Низ призма на спортските воннаставни и вонучилишни активности, тоа може да подразбира и приспособување кон феноменот на „деспортификација“ на спортот што подразбира негово доближување и до оние ученици кои сметаат дека тој не е за нив. А, дел од моноструктуралните активности во природа кои се еквивалент на природните форми на движење се еден од начините за тоа.
Истражувањата за учество во спортско – рекреативните активности во природа доминантно кај ученичко – студентска популација ги наметнуваат следните сознанија. Сиди и сор. (Sidi at al., 2017) како најважни мотиви ги издвојуваат: да се ужива во природата, стекнување на нови искуства, да се одговори на предизвиците, спортско – рекреативните активности во природа како општетсвена потреба, како и достапност на рекреативните содржини. Одр друга страна, Андре си сор. (Andre et al., 2017) констатираат дека придобивките од овие активности ги надминуваат оние наведени во достапната литература како физичка подготвеност, социјална интеракција, зголемена животна ефективност, поголелма работна продуктивност и друг трансфер на спсобности. Тие мотивацијата за спортско – рекреативни содржини во природа и инвестиција во ресурси непосредно на универзитетскиот кампус го гледаат како директна поддршка кон академските постигнувања (посочени претходно), посебно во области кои се поврзани со животната средина, прифаќање на различностите и нивна инклузија. Истражувањето на Гафар со сор. (Gaffar et al., 2019) покажува дека личните достигнувања, учењето и социјализацијата, чувството на независност заедно со личниот развој и релаксацијата ја формираат мотивацијата за рекреативни активности во природа. Од наведените, според резултатите на факторската анализа, како најзначаен фактор се издвојува учењето и социјализацијата, а како најмалку значаен е релаксацијата. Маринов (2008), врши систематизација на

четири групи мотиви, и тоа прва група поврзани со природата, втора група поврзани со спортот, трета група поврзани со емоционалната сфера и четврта група со условите на реализација. Притоа, заклучува дека учениците покажуваат интерес за вклучување во различни елементарни игри и натпреварувачки активности за време на различни туристички појави организирани од училиштето. Исто така, според истиот автор, вреди да се одбележи дека меѓу мотивите недостасуваат оние кои се директно поврзани со безбедноста на непосредната спортско – рекреативна активност, но индиректно грижата кон безбедносните стандарди се отчитува во мотивацијата за избор на месноста, содржината на спортско – рекреативната активност, организацијата, правилата за практична реализација на активноста и друго. Мотивите поврзани со условите, во својата суштина се препораки за понатамошни активности преземни од страна на насатвниот кадар и училиштето, во организацијата на понатамошни содржини од ваква природа. И она што студентите го посочуваат, генерално, од организациски аспект, е не само јасната потреба за вакви програми, туку и соодветната информираност за нив (Franklin&Hardin, 2008).

Современите училишта, својата препознатливост ја градат преку креативниот процес на вонаставните и вонучилишните активности. Производите од тој процес, свое влијание имаат на училишно, меѓуучилишно, но и на ниво на општествената заедница (Vukič Valjan, 2016). Моторните активности на учениците како рекреативно – туристички, кои се производ на вон наставните и вонучилишните активности, имаат свое место низ досегашната пракса. Оттаму, всушност е јасно, дека спортскиот туризам е вклучен како дополнителна компонента на програмските содржини по физичко образование односно спорт и спортски активности.

**Трудот всушност има за цел, преку идентификација на најважните мотиви за учество во ваквите активности кај учениците, да дијагностицира можни содржински форми и нивна организациска структура. На тој начин, ќе се поттикне насоченост на слободното време, од една страна и интензификација на спортско – турситичките движења, од друга страна.**

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето беше спроведено во приватното средно училиште „Јахја Кемал“ – Струга (Македонија) во месец октомври. Анкетен прашалник беше дистрибуиран до 81 ученик и објаснета им беше целта на истражувањето. Испитаниците се избрани случајно, со што примерокот е дефиниран како едноставен случаен примерок. Структурата на прашалникот ја сочинуваат:

- прашања за утврдување на социодемографските карактериски на испитаниците
- прашања за утврдување на мотивацијата за учество во спортско – туристички активности во природа
- прашања за утврдување на важноста на факторите од организацијата на спортско – туристичка активност во природа (овие прашања се изборни доколку испитаниците имале блиско, непосредно учество во таква активност)

Прашањата поврзани со мотивациските фактори за спортско – туристички активности во природа, се систематизирани во четири групи по Маринов (2008), со незначителни дополнувања и измени од наша страна и тоа:

- мотиви поврзани со природното опкружување
- мотиви поврзани со спортот
- мотиви поврзани со емоционалната димензија на учениците
- мотиви поврзани со условите и организацијата на спортско – туристичката активност.

Вкупниот број на оценувани мотиви изнесува дваесет и девет, а ставовите по однос на секој од нив, учениците ги оценуваат по Ликертова скала од 1 до 5, при што оценката 5, означува апсолутна важност додека оценка 1, апсолутна неважност.

Добиените податоци се обработени со статистичкиот пакет Statistica 7.0., а применети се основните дескриптивни статистички мерки за централната тенденција и дисперзија. Воедно, фреквенции и проценти се користени со цел да се утврди дистрибуцијата на резултатите по однос на социодемографските карактеристики.

Согласно сознанијата од досегашните истражувања како и вредностите добиени со статистичката обработка **очекуваме дека висока важност ќе покажат мотивите од сите групи со акцент на: стекнување нови знаења и вештини, подобрување на здравјето, ослободување од стрес, социјализација (пријателство и дружење), односно добра организација (што подразбира и информираност и сигурност како едни од карактеристиките на туризмот).**

**3. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА**

Од дистрибуираните 81 анкетен прашалник, валидни за анализа беа 71. Од вкупниот број на ученци 36 или 50.70% се машки, а останатите 49.30% се женски. Најголем број од нив, се ученици од втора година вкупно 26 или 36.61%, потоа ученици од четврта година 24 или 33.80 %, 18 ученици или 25. 35% се од прва година и само 3 или 4.22% се од трета година.

Кај вака дефинираната група ученици, најголем процент или 64.79% се одличен успех, 26.76% се со многу добар успех, 4.23% се добар успех, 2.82% се со доволен, и 1.10% со недоволен успех.

Во однос на неделната физичка активност определена како активност од најмалку 45 минути дневно пешачење, трчање, фитнес итн, надвор од наставата по спорт и спортски активности, најголем дел од учениците и тоа 32 или 45.07% се изјаснаа дека таква активност имаат од 1 до 3 пати во неделата, неактивни се 19 или 26.76%, секојдневна физичка активност имаат 13 или 18.30% од учениците и натпреварувачи во спортски клуб се 7 или 9.87%.

На прашањето дали досега имале искуство со спортско – туристички патувања надвор од оние поврзани со вонnаставните и вонучилишните спортски активности, 42 или 59.15% одговориле дека немаат 17 или 23.94% дека такво патување реализирале од 1 до 3, додека за повеќе од 3 се изјасналe 12 или 16.90%. Ова однесување е поврзано со семејните вредности, бидејќи според возраста најголемиот број патувањата, тие ги реализираат со родителите.

Од горенаведеното и со оглед на образовниот стаж, групата има искуство да одговори соодветно на поставените прашања од анкетата.

***Табела 1. Основни дескриптивни статистички параметри на мотивите поврзани со природното опкружување***

| Варијабли/Мотиви | N | X | min | max | Sd | Sk | Kurt |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Љубов кон природата | 71 | 4.06 | 1.00 | 5.00 | 1.19 | -0.9 | -0.46 |
| Чист воздух, море, езеро, планина, карпи | 71 | 4.27 | 1.00 | 5.00 | 1.07 | -1.6 | 2.00 |
| Ново непознато, но прекрасно опкружување | 71 | 4.14 | 1.00 | 5.00 | 0.96 | -0.9 | 0.24 |
| Спортските активности во природа се попријатни од активностите во спортска сала | 71 | 4.04 | 1.00 | 5.00 | 1.10 | -0.9 | -0.32 |

Со преглед на **табела 1**, на која се прикажани основните дексриптивни статистички параметри на варијаблите за мотивираност кај учениците поврзани со природното опкружување, се забележува разлики во варијабилитетот и дистрибуцијата. Вредностите на аритметичката средина кај сите варијабли од оваа група на мотиви укажуваат на висока важност кај учениците (поголема од 4), а како водечка мотивација се издвојува **чистиот воздух, море, езеро, планина, карпи (X=4.27).** Анализата на стандардните девијации покажуваат висока концентрација на одговорите на учениците околу вредностите на аритметичката средина кај сите варијабли, најголема кај варијаблата **ново непознато, но прекрасно опкружување.** Мерките на скјунисот (Sk+/-1), кои упатуваат на нормална дистрибутивност се регистрираат речиси кај сите варијабли. Умерена асиметричност со негативен предзнак (Sk = -1.6), покажува варијаблата со највисока аритметичка средина, што говори дека поголемиот број на ученици својот став по оваа мотивација го поставиле во зоната на натпросечни резултати, односно, кон оценка на ставот за оваа мотивација како апсолутно важна. Куртозисот (Kurt.) како мерка на дистрибутивноста покажува пак дека резултатите отстапуваат од нормалната дистрибуција.

***Табела 2. Основни дескриптивни статистички параметри на мотивите поврзани со спортот***

| Варијабли/Мотиви | N | X | min | max | Sd | Sk | Kurt |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Љубов кон спортот | 71 | 3.96 | 1.00 | 5.00 | 1.21 | -0.91 | -0.11 |
| Можност за спортување и учество на натпревари | 71 | 3.54 | 1.00 | 5.00 | 1.24 | -0.29 | -1.12 |
| Да се победува на натпреварувањата | 71 | 3.87 | 1.00 | 5.00 | 1.19 | -0.78 | -0.22 |
| Подобрување на спортската форма | 71 | 3.96 | 1.00 | 5.00 | 1.16 | -1.09 | 0.44 |
| Можност за докажување низ спортувањето | 71 | 3.85 | 1.00 | 5.00 | 1.14 | -0.75 | -0.20 |
| Можност да се гледаат своите спортски идоли | 71 | 3.75 | 1.00 | 5.00 | 1.28 | -0.97 | -0.01 |
| Можност да се научи дел од спортската историја | 71 | 3.45 | 1.00 | 5.00 | 1.34 | -0.33 | -1.17 |
| Можност за учење на нови спортски вештини | 71 | 3.99 | 1.00 | 5.00 | 1.15 | -0.72 | -0.76 |

Според **табелата 2**, мотивите кај учениците кои се поврзани со спортот дивергираат кон важност кај сите варијабли (вредноста на аритметичките средини се движат од 3.45 до 3.99). Тоа го потврдуваат и стандардните девијации укажувајќи дека одговорите на учениците кај секоја варијабла се концентрирани околу аритметичката средина. Сепак, како најзначајни во оваа група на мотиви се издвојуваат варијаблите: **можност за учење на нови вештини** (X=3.99), **подобрување на спортската форма и љубов кон спортот** (и двете со вредност на X=3.96). Како варијабла со најниска вредност на аритметичката средина се јавува **можност да се научи дел од спортска историја** (X=3.45). Сјунисот упатува на нормално дистрибуција на резултатите кај сите варијабли. Вреднстите на куртозисот упатуваат на широка дисперзија на резултатите на скалата.

И мотивите кои се поврзани со емоционалната димензија на учениците, **табела 3,** ја потврдуваат важноста на секој од мотивите поединечно според вредностите на аритметичката средина, при што мотивот **подобрување на здравјето** со вредност, X = 4.51, се движи кон апсолутна важност. **Добро расположение и пријатно искуство, заедно со можноста за одмор и релаксација и отстранување на умствениот замор** (X=4.45 и X=4.30), се мотиви ки исто така покажуваат посебна важност во оваа димензија. Вредностите на стандардната девијација ја потврдуваат оваа констатација за конзистентност на одговорите кон овие прашања. И вредностите на скјунисот во овој случај со негативен предзнак и помали од минус еден, кај овие варијабли посочуваат дека поголемиот број испитаници одговориле со став над просечната вредност по самата варијабла. Со лептокуртичноста на куртозисот поголем од 3 (Kurt. = 3.37) кај варијаблата подобрување на здравјето се констатира она што скјунисот го покажува за неа.

***Табела 3. Основни дескриптивни статистички параметри на мотивите од емоционалната димензија***

| Варијабли/Мотиви | N | X | min | max | Sd | Sk | Kurt |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Чувство на исполнетост и радост | 71 | 3.92 | 1.00 | 5.00 | 1.42 | -1.11 | -0.20 |
| Лично задоволство | 71 | 4.06 | 2.00 | 5.00 | 1.00 | -0.91 | -0.15 |
| Силна желба и интерес | 71 | 4.14 | 1.00 | 5.00 | 1.05 | -1.37 | 1.66 |
| Можност за одмор и релксација, отстранување на умствениот замор | 71 | 4.30 | 1.00 | 5.00 | 1.01 | -1.58 | 2.18 |
| Добро расположение и пријатно искуство | 71 | 4.45 | 2.00 | 5.00 | 0.77 | -1.18 | 0.42 |
| Подобрување на здравјето | 71 | 4.51 | 1.00 | 5.00 | 0.92 | -1.98 | 3.37 |

Сознанијата од **табела 4**, се во насока на сознанието дека социјалната интеракција изразена преку варијаблата **пријатно и интересно друштво** (X=4.32) е најважен мотив од овој сегмент на услови и организација на спортско – туристичкото случување. Притоа, учениците врз основа на останатите вредности на аритметичката средина, посочуваат дека **добрата организација** е втор по значење мотив (X=4.25), по што следува **можноста за избор на омилените спортови и спортски активности** (X=4.17). Не треба да се занемари и сознанието дека овие активности учениците во принцип сакаат да ги реализираат со најблиските другари (X=4.10).

***Табела 4. Основни дескриптивни статистички параметри на мотивите од поврзани со условите и организацијата***

| Варијабли/Мотиви | N | X | min | max | Sd | Sk | Kurt |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Добра организација | 71 | 4.25 | 1.00 | 5.00 | 1.02 | -1.52 | 1.87 |
| Пријатно и интересно друштво | 71 | 4.32 | 1.00 | 5.00 | 1.09 | -1.49 | 1.25 |
| Пријатни временски услови | 71 | 3.92 | 1.00 | 5.00 | 1.22 | -0.91 | -0.13 |
| Интерес и учество на најблиските другари | 71 | 4.10 | 1.00 | 5.00 | 1.20 | -1.27 | 0.67 |
| Можност за избор на омилените спортови и спортски активности | 71 | 4.17 | 2.00 | 5.00 | 0.99 | -0.81 | -0.59 |
| Професионален и ведар наставен кадар и инструктори | 71 | 3.93 | 1.00 | 5.00 | 1.09 | -0.68 | -0.28 |
| Можност за учество во креативни елементарни игри (полигони, штафети итн.) | 71 | 3.52 | 1.00 | 5.00 | 1.25 | -0.32 | -1.02 |
| Повеќе натпреварувачки активности со разновидна содржина | 71 | 3.52 | 1.00 | 5.00 | 1.12 | -0.21 | -0.86 |
| Соодветна локација за престој (месност, град) | 71 | 3.92 | 1.00 | 5.00 | 1.18 | -0.85 | -0.23 |
| Праведно судење на натпреварите | 71 | 3.97 | 1.00 | 5.00 | 1.24 | -0.91 | -0.40 |
| Повеќе време за игри и натпревари | 71 | 4.00 | 1.00 | 5.00 | 1.20 | -1.08 | 0.28 |

Натпреварувачкиот карактер на овие активности, заедно со учеството во креативни елемнтарни игри се најмалку важни критериуми за вклученост од овој сегмент (X=3.52). Вредностите на останатите параметри на дисперзија говорат дека групите се хомогени по однос на одговорите (Sd), дека кај највисоко оценетите мотиви, поголем број на одговори не учениците се во зоната на натпросечни постигнувања (Sk) и дека според вредноста на куртозисот дистрибуцијата е платикуртична.

***Табела 5. Фреквнција на спортско – туристички содржини од интерес за учениците***

| Активност | N | Cum N | % | Cum % |
|---|---|---|---|---|
| Планинарска тура | 17 | 17 | 23.94 | 23.94 |
| Летен спортски камп (пливање, кајак, веслање, едрење итн) | 19 | 36 | 26.76 | 50.70 |
| Зимски спортски камп (скијање, сноуборд, лизгање итн) | 22 | 58 | 30.99 | 81.69 |
| Ориентација во природа | 5 | 63 | 7.04 | 88.73 |
| Посета на спортски знаменитости (објекти, спортски музеи, итн) | 8 | 71 | 11.27 | 100.00 |

Ставот на учениците за евентуални програмски содржини во вид на вонанставни и вонучилишни спортски активности, кои би сакале училиштето да ги органинира, презентиран е на **табела 5.** Од неа јасно се гледа дека најголем процент 30.69% или 22 се изјаснале за зимски спортски камп, 19 или 26.76% сметаат дека тоа треба да биде летен спортски камп, додека 17 или 24.94% се за планинарска тура. Ако се земе предвид дека сите овие активности се базирани на природни ресуси, тогаш истите може да се препорачаат како форма на реализација. Истите се широко распространета практика како содржина во современите ушилишни средини во меѓународни рамки, но не се непознати и за нашиот образовен систем.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Однесувањето на македонските ученици (со степен на претпазливост при генерализација согласно примерокот на испитаници), во поглед на екстрахираните мотиви не се разликуваат од учениците/студентите на претходното посочените истражувања (Sidi at al., 2017., Andre et al., 2017., Gaffar et al., 2019). Според нивната структура може да се апострофира предноста на спортско – рекреативните активности во природа како можност за осознавање на нови пространства, задоволување на потребата за естетика како високо поставена потреба на пирамидата на потреби (Stefanovič, 2017). Потоа, ваквите активности се гледаат како на можност за учење на нови вештини и одржување на спортската форма, заедно со улогата на спортско – рекреативните активности како катализатор на стресот и подобрување на здравјето. Исклучувањето на компетитивноста како важен фактор при организацијата и условите за реализација, говори во насока дека овие активности треба да бидат „за сите", приближувајќи го спортот и спортските активности и кон оние ученици чии моторички способности не поддржуваат високи спортски постигнувања. На тој начин, впрочем, го олеснуваме и процесот на социјална интеракција која спортот значајно ја потпомага, а е од важност за учениците кај овие активности. За крај, организација сама по себе не значи и успех на активноста. Учениците како и било кој друг корисник на услуга, имаат потреба од квалитетна понуда (место на реализација, содржина, човечки ресурси, информираност, безбедност). Затоа програмската активност треба да биде навремено осмислена, методски приспособена и најважно целосно реалзирана. Тие стандарди треба да бидат пренесени и на партнерите од општествената заедница при самата организација (спортски клубови, туристички посредници).

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Andre, E.K., Williams, N., Schwartz, F., Bullard, C. (2017). Benefits of campus outdoor recreation programs: A review of the literature. Journal of Outdoor Recreation, Education and Leadership. Vol. 9, No1. 1, pp. 15-25. Retrieved from: http3://doi.org./10.18666/JOREL -2017-V9-I1-7491.

Australian Sports Commission (2017). Addressing the decline in sport participation in secondary schools. Findings from the Youth Participation Research Project. Full Report, p.4. ISBN 978-1-74013-126-1 (PDF).

Franklin, D.S., & Hardin, S.E. (2008). Philosophical and theoretical foundations of campus recreation: Crossroads of theory. In NIRSA (Ed.), Campus recreation: Essentials for the professional. Champaign, IL: Human Kinetics, pp. 3-20.

Gaffar, V., Yuniawati, Y., Ridwanudin, O. (2019). A study of outdoor recreation motivation and activity preferences. Journal of Southwest Jiaotong University, Vol.54, No.3. Retrieved from: http://jsju.org/index.php/journal/article/view/297/295.

Jegič, S. (2005). Turizam i slobodno vrijeme: mogučnosti i način provodjenja. Pedagogijska istraživanja, 2(1), str. 101-111. ,UDK: 338.48:316.728

Manfredo, Driver, Tarrant. (1996). Measuring Leisure Motivation: A Meta-Analysis of the Recreation Experience Preference Scales. Journal of Leisure Research 1996, Vol. 28, No. 3, pp. 188-213.

Маринов, Б., Николова, Е. (2008). Свободното време на ученика турист. БИНС, София, стр.84

Ostojič, N. Plavša, J., Vujko, A (2014). Students' attitude and effects of sport and recreational tourism on success in schools. GeoJournal of Tourism and Geosites, Year II, no.2, vol. 14, p. 143 – 150. ISSN 2065-0817, E-ISSN 2065-1198

Pantekovska, L., Dimkovski, D., & Kitanovska Stojkovska, T. (2018). Participation of sports – animative contents in the structure of the leisure time to the student - tourist. Knowledge International Journal, 23(5), 1671 - 1678.

Sajahroudi, B. S., Soleymani, H., Aghaei, H., Sanei, S. (2013). Identification of the most important common natural attractions in the development of sport tourism of Iran's northern provinces (Mazandaran, Guilan, Golestan). Advances in Applied Science Research, 4(3):10-15.

Sidi, M.A.M., Radzi, W.M., Aman, M.S. Yassin, M.M. (2017). A Study of participation motive in outdoor recreational activities. International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences. Vol.7, No.3. pp. 740-753. Retrieved from:
http://hrmars.com/hrmars_papers/A_Study_of_Participation_Motive_in_Outdoor_Recreational_Activities.pdf

Stefanovič,V. (2017). Turističke potrebe kao determinant razvoja turizma. Ekonomski signali, 12(1):13-29

Valjan Vukić, V. (2016). Izvannastavne i izvanškolske aktivnosti učenika - višestruke perspektive. Školski vjesnik, 65 (1), 58-58. Retrieved from: https://hrcak.srce.hr/177319

Uzunöz, F. S. (2015). Motives for physical activity participation in Turkish primary school students. Educational Research and Reviews. Vol. 10(24), pp. 2944-2951. Retrieved from: https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1157883.pdf